# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

**www.bitola.gov.mk**

**Број 12, година LII**
**Понеделник, 12.07.2021**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за животна средина за 2021 година

1. Ја објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за животна средина за 2021 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
12.07.2021 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година, донесе

### П Р О Г Р А М А
### за измена и дополнување на Програмата за животна средина за 2021 година

Во Програмата за животна средина за 2021 година се врши измена и дополнување на истата како и измена во Прегледот на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма.

Во поглавието број 1 - Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух, ставовите 4 и 5 се бришат и се додаваат следните ставови:

- нов став - Катастар на загадувачи, за истиот, во табеларниот приказ - Преглед на потребните финансиски средства, согласно Планирана програма во точка 3 се планираат 200 000 денари,
- се додава нов став -Субвенционирање на мерки за заштита на амбиенталниот воздух, за истиот, во горепоменатиот табеларниот приказ во точка број 5 се предвидуваат 1 500 000 денари.
- ставот за субвенционирање на велосипеди, наместо планираните 700 000 денари во табеларниот приказ под точка број 2 се врши зголемување на средствата на 1 700 000 денари.

Во поглавието 4 - Заштита на почвите и уредување на зелените површини, се додава нов став - Зелен катастар, за истиот во табеларниот приказ во кој се прикажани потребните финансиски средства во точка 4 се планираат 300 000 денари .

**Завршни одредби**

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола;

За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за заштита на човековата средина при Советот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола,

Програмата за измена и дополнување на Програмата ќе биде објавена во Службен Гласник на Општина Битола;

Програмата влегува во сила истиот ден на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола.

Прилог

– Табеларен приказ на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма за заштита на животната средина за 2021 година

Бр.09-93/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2021 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Р 1 – Заштита на животната средина

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | 480190 Купување на друга опрема | Набавки на смарт (паметни) клупи | 1 000 000 денари |
| 2. | 464990 Разни трансфери | Субвенционирање на велосипеди | 1 700 000 денари |
| 3. | 480190 Купување на друга опрема | Велопаркинзи и велоопрема | 300 000 денари |
| 3. | 426990 други оперативни расходи | Катастар на загадувачи | 200 000 денари |
| 4. | 426990 други оперативни расходи | Зелен катастар | 300 000 денари |
| 5 | 464990 Разни трансфери | Субвенции | 1 500 000 денари |
| | | Вкупно : | 5 000 000 денари |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2021 година**

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2021 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.07.2021 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15,209/18 и 244/19), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15,154/15,5/16,80/16,127/16,142/16,2/17,16/17 и 11/18), Законот за минимална плата (Службен весник бр 239 од 19.11.2019 година) и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола” број 10/2005), Советот на Општината Битола на седницата одржана

на 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2021 година

### Член 1

Во членот 13 став 2 алинеа 2 се врши измена така што:

„За вработените во Противпожарната единица вредноста на бодот од 32,28 денари се менува на 33,322 согласно Законот за пожарникарство.Како порамнување за 20% повисока плата од другите вработени со средно образование."

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-93/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на отстапениот одземен предмет - патничко моторно возило со правосилна пресуда без надоместок на Општина Битола и давање на трајно користење на ЈППЈЛП Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на отстапениот одземен предмет – патничко моторно возило со правосилна пресуда без надоместок на Општина Битола и давање на трајно користење на ЈППЈЛП Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-608/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.07.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 22 став 1 алинеа 36 и 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а во врска со член 1 од Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Битола со бр.09-1916/2 од 28.04.2021 година, донесено од Агенцијата за управување со одземен имот - Скопје и член 1 од Одлуката за давање согласност на решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Битола со бр.40-5107/13 од 01.06.2021 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија („Службен Весник на РСМ" бр.269 од 10.11.2020 година), Советот на Општината Битола на седницата одржана 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на отстапениот одземен предмет - патничко моторно возило со правосилна пресуда без надоместок на Општина Битола и давање на трајно користење на ЈППЈЛП Битола

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола го прифаќа во сопственост без надоместок одземениот предмет (патничко моторно возило) со правосилна пресуда, марка ПМВ Фолсваген Пасат, со број на шасија WVWZZZ3BZXP304488, регистарски таблички ТЕ 0634 AF, отстапен со Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Битола со бр.09-1916/2 од 28.04.2021 година, донесено од Агенцијата за управување со одземен имот на РСМ-Скопје и Одлуката за давање

согласност на решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Битола со бр.40-5107/13 од 01.06.2021 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија (Сл.Весник на РСМ бр.269 од 10.11.2020 година).

**Член 2**

Општина Битола му ја дава на трајно користење без надоместок подвижната ствар – патничко моторно возило марка ПМВ Фолсваген Пасат, со број на шасија WVWZZZ3BZXP304488, регистарски таблички ТЕ 0634 AF на ЈППЈЛП Битола.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на стварта од член 2 на оваа Одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-93/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.07.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во Општината Битола

**Член 1**

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 20/18, 2/19, 9/19 и 1/21), членот 4 се менува и гласи:

„За вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Битола се утврдуваат следните линии:

| Ред. број | Број и назив на линијата | Автобуски стојалишта |
|---|---|---|
| 1. | **1 Брусничка населба-Болница-Железничка станица-Шехерезада-Брусничка населба** | Дисконт, Технички преглед (Брусничка н.), Лавчанска, Нова Битола, Веро, Болница, ШИК-Лавци, Симпо, Ракометно, Железничка, Руска црква, Карпош, Ат пазар, Пелагонка 1, Дулие, Вингс, Бела чешма, Шехерезада, Ректорат, Црн мост, Педагошка, Довлеџик, Кампинг, Дисконт |
| 2. | **1 Брусничка населба- Јавор-Железничка станица-Болница-Брусничка населба** | Дисконт, Кампинг, Довлеџик, Педагошка, Црн мост, Музичко, Јавор, Бела чешма, Вингс, Пелагонка 1, Ат пазар, Карпош, Руска црква, Железничка, Ракометно, Симпо, ШИК-Лавци, Болница, Веро, Нова Битола, Лавчанска, Технички преглед (Брусничка н.), Дисконт |
| 3. | **3 Железничка станица-Мал Париз-Шехерезада-Педагошка-Плодност-Железничка станица** | Железничка, Руска црква, Боримечка, Мал Париз, Дулие, Вингс, Бела чешма, Шехерезада, Ректорат, Црн мост, Педагошка, Веро, Нова Битола, Плодност, Макпетрол, ШИК-Лавци, Симпо, Ракометно, Железничка |
| 4. | **3 Железничка станица-Плодност-Педагошка-Јавор-Мал Париз-Железничка станица** | Железничка, Ракометно, Симпо, ШИК-Лавци, Макпетрол, Плодност, Нова Битола, Веро, Педагошка, Црн мост, Музичко, Јавор, Бела чешма, Вингс, Дулие, Мал Париз, Боримечка, Руска црква, Железничка |
| 5. | **4 Горно Оризари-Стрелиште-Шехерезада-Педагошка-Болница-Железничка станица-Нови гробишта-Горно Оризари** | Раштанска, Стадион, Стрелиште, Макпетрол, Вингс, Бела чешма, Шехерезада, Ректорат, Црн мост, Педагошка, Веро, Нова Битола, Болница, ШИК-Лавци, Симпо, Ракометно, Железничка, Руска црква, Карпош, Ат пазар, Пелагонка 1, Дулие, Макпетрол, Нови гробишта, Горно Оризари (на ул.„Крсте Нале“)-4 стојалишта, Раштанска |
| 6. | **4 Горно Оризари-Стрелиште-Железничка станица-Болница-Педагошка-Јавор-Нови гробишта-Горно Оризари** | Раштанска, Стадион, Стрелиште, Макпетрол, Пелагонка 1, Ат пазар, Карпош, Руска црква, Железничка, Ракометно, Симпо, ШИК-Лавци, Болница, Нова Битола, Веро, Педагошка, Црн мост, Музичко, Јавор, Бела чешма, Вингс, Макпетрол, Нови гробишта, Горно Оризари (на ул. „Крсте Нале“)-4 стојалишта, Раштанска |
| 7. | **5 Буковска населба-Железничка станица-Шехерезада-Педагошка-Болница-Буковска населба** | Буковска-2 стојалишта, Буковски мост, Технички преглед (Буковска н.), Прогрес, Железничка, Руска црква, Карпош, Ат пазар, Пелагонка 1, Дулие, Вингс, Бела чешма, Шехерезада, Ректорат, Црн мост, Педагошка, Веро, Нова Битола, Болница, ШИК-Лавци, Симпо, Ракометно, Железничка, Прогрес, Хераклеа, Буковски мост, Буковска-2 стојалишта |
| 8. | **5 Буковска населба- Болница-Педагошка-Јавор-Железничка станица-Буковска населба** | Буковска-2 стојалишта, Буковски мост, Технички преглед (Буковска н.), Прогрес, Железничка, Ракометно, Симпо, ШИК-Лавци, Болница, Нова Битола, Веро, Педагошка, Црн мост, Музичко, Јавор, Бела чешма, Вингс, Пелагонка 1, Ат пазар, Карпош, Руска црква, Железничка, Прогрес, Хераклеа, Буковски мост, Буковска-2 стојалишта |
| 9. | **6 Јавор-Долно Оризари- Карамани-Трн-Јавор** | Јавор, Бела чешма, Вингс, село Долно Оризари, село Карамани, село Трн, село Карамани, село Долно Оризари, Ат Пазар, Карпош, Руска црква, Железничка, Ракометно, Симпо, ШИК-Лавци, Болница, Нова Битола, Веро, Педагошка, Црн мост, Музичко, Јавор |
| 10. | **7 Јавор-Логоварди-Јавор** | Јавор, село Логоварди, Ат Пазар, Ракометно, Болница, Јавор |
| 11. | **7А Јавор-Поешево-Јавор** | Јавор, село Логоварди, Ат Пазар, Ракометно, Болница, Јавор |
| 12. | **8 Буковска населба-Буково-Буковска населба** | Буковска населба, село Буково, Буковска населба |
| 13. | **8А Шехерезада-Лавци-Шехерезада** | Шехерезада, Болница, село Лавци, Ракометно, Ат Пазар, Шехерезада |
| 14. | **9 Шехерезада-Магарево-Јавор** | Шехерезада, село Трново, село Магарево, село Трново, Јавор |
| 15. | **9А Шехерезада-Нижеполе-Јавор** | Шехерезада, село Дихово, село Нижеполе, Јавор |
| 16. | **10 Јавор-Лопатица-Шехерезада** | Јавор, село Крклино, село Кукуречани, локација „Бели мост“, село Лопатица, село Лисолај, село Ново Змирнево, село Црнобуки, село Кукуречани, село Крклино, Шехерезада |
| 17. | **11 Јавор-Црнеец-Шехерезада** | Јавор, село Крклино, село Кукуречани, село Драгарино, село Драгожани, село Секирани, село Габалавци, село Црнеец, село Габалавци, село Секирани, село Драгожани, село Драгарино, село |

| | | |
|---|---|---|
| | | Кукуречани, село Крклино, Шехерезада |
| 18. | **12 Шехерезада-Кременица-Шехерезада** | Шехерезада, село Кравари, село Оптичари, село Бистрица, село Егри, село Жабени, село Меџитлија, село Кременица, село Меџитлија, село Жабени, село Егри, село Оптичари, село Бистрица, село Кравари, Шехерезада |
| 19. | **13 Симпо-Драгош-Симпо** | Симпо, село Крстоар, село Бистрица, село Олевени, село Барешани, село Канино, село Породин, село Велушина, село Острец, село Велушина, село Граешница, село Кишава, село Граешница, село Драгош, село Лажец, село Породин, село Канино, село Барешани, село Олевени, село Бистрица, село Крстоар, Симпо |
| 20. | **14 Симпо-Бистрица-Симпо** | Симпо, Ракометно, Железничка, Прогрес, село Крстоар, село Бистрица, село Оптичари, село Кравари, Прогрес, Железничка, Руска црква, Карпош, Ат пазар, Пелагонка 1, Дулие, Вингс, Бела чешма, Шехерезада, Ректорат, Црн мост, Педагошка, Веро, Нова Битола, Болница, ШИК-Лавци, Симпо |
| 21. | **15 Шехерезада-Кажани-Јавор** | Шехерезада, село Горно Српци, село Рамна, село Лера, село Доленци, село Кажани, село Ѓавато, село Маловишта, село Цапари, село Ротино, село Братиндол, Јавор |

**Член 2**

По исклучок од членовите 17, 18, 19 и 20 од оваа одлука, без спроведување на постапка со јавен повик, линиите и возните редови можат да бидат распределени на заедничкото јавно претпријатие за превоз на патници основано од Општина Битола и Општините Могила и Новаци.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да ги издаде потребните дозволи и возни редови на заедничкото јавно претпријатие за превоз на патници основано од Општина Битола и Општините Могила и Новаци за линиите кои не се распределени на други превозници.

**Член 4**

Во член 14 точка 3, во табелата, по автобуското стојалиште „Буково“ се додаваат две нови автобуски стојалишта „Лавци“ и „Поешево“.

**Член 5**

Во прилогот кон одлуката, се додаваат два нови пакети 9 и 10 со следните линии и возни редови:

**ПАКЕТ 9:**

***Линија бр. 3: Железничка станица-Мал Париз-Шехерезада-Педагошка-Болница „Плодност“-Железничка станица***

| Железничка | Шехерезада | Плодност | Ракометно |
|---|---|---|---|
| 06:10 | 06:20 | 06:30 | 06:35 |
| 06:40 | 06:50 | 07:00 | 07:05 |
| 07:10 | 07:20 | 07:30 | 07:35 |
| 07:40 | 07:50 | 08:00 | 08:05 |
| 08:10 | 08:20 | 08:30 | 08:35 |
| 08:40 | 08:55 | 09:00 | 09:05 |
| 09:10 | 09:20 | 09:30 | 09:35 |
| 09:40 | 09:50 | 10:00 | 10:05 |
| 10:10 | 10:20 | 10:30 | 10:35 |
| 10:40 | 10:50 | 11:00 | 11:05 |
| 11:10 | 11:20 | 11:30 | 11:35 |
| 11:40 | 11:50 | 12:00 | 12:05 |
| 12:10 | 12:20 | 12:30 | 12:35 |
| 12:40 | 12:50 | 13:00 | 13:05 |
| 13:10 | 13:20 | 13:30 | 13:35 |
| 13:40 | 13:50 | 14:00 | 14:05 |
| 14:10 | 14:20 | 14:30 | 14:35 |
| 14:40 | 14:50 | 15:00 | 15:05 |
| 15:10 | 15:20 | 15:30 | 15:35 |
| 15:40 | 15:50 | 16:00 | 16:05 |
| 16:10 | 16:20 | 16:30 | 16:35 |
| 16:40 | 16:50 | 17:00 | 17:05 |
| 17:10 | 17:20 | 17:30 | 17:35 |
| 17:40 | 17:50 | 18:00 | 18:05 |
| 18:10 | 18:20 | 18:30 | 18:35 |
| 18:40 | 18:50 | 19:00 | 19:05 |
| 19:10 | 19:20 | 19:30 | 19:35 |
| 19:40 | 19:50 | 20:00 | 20:05 |
| 20:10 | 20:20 | 20:30 | 20:35 |
| 20:40 | 20:50 | 21:00 | 21:05 |
| 21:10 | 21:20 | 21:30 | 21:35 |
| 21:40 | 21:50 | 22:00 | 22:05 |

**Режим на одржување:**
- Линијата се одржува секој ден

***Линија бр. 7А: Јавор-Поешево-Шехерезада***

| Стојалиште | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| **Јавор** | 06:20 | 12:00 | 13:30 | 19:30 |
| **Поешево** | 06:40 | 12:20 | 13:50 | 19:50 |
| **Ат пазар** | 06:50 | 12:30 | 14:00 | 20:00 |
| **Ракометно** | 06:55 | 12:35 | - | - |
| **Болница** | 07:00 | 12:40 | - | - |
| **Јавор** | 07:05 | 12:45 | - | - |

**Режим на одржување:**

1,2,3,4-секојдневно од Понеделник до Петок во периодот од 01.09. до 31.12. и од 20.01 до 10.06

1,2,3,4-само во Вторник и Петок во периодот од 01.01 до 19.01 и од 11.06 до 31.08

Во Сабота, Недела и денови на државни празници линијата не се одржува

**ПАКЕТ 10:**

***Линија бр. 3: Железничка станица-Болница „Плодност“-Педагошка-Јавор-Мал Париз-Железничка станица***

| Железничка | Ракометно | Плодност | Јавор |
|---|---|---|---|
| 06:10 | 06:15 | 06:20 | 06:30 |
| 06:40 | 06:45 | 06:50 | 07:00 |
| 07:10 | 07:15 | 07:20 | 07:30 |
| 07:40 | 07:45 | 07:50 | 08:00 |
| 08:10 | 08:15 | 08:20 | 08:30 |
| 08:40 | 08:45 | 08:55 | 09:00 |
| 09:10 | 09:15 | 09:20 | 09:30 |
| 09:40 | 09:45 | 09:50 | 10:00 |
| 10:10 | 10:15 | 10:20 | 10:30 |
| 10:40 | 10:45 | 10:50 | 11:00 |
| 11:10 | 11:15 | 11:20 | 11:30 |
| 11:40 | 11:45 | 11:50 | 12:00 |
| 12:10 | 12:15 | 12:20 | 12:30 |
| 12:40 | 12:45 | 12:50 | 13:00 |
| 13:10 | 13:15 | 13:20 | 13:30 |
| 13:40 | 13:45 | 13:50 | 14:00 |
| 14:10 | 14:15 | 14:20 | 14:30 |
| 14:40 | 14:45 | 14:50 | 15:00 |
| 15:10 | 15:15 | 15:20 | 15:30 |
| 15:40 | 15:45 | 15:50 | 16:00 |
| 16:10 | 16:15 | 16:20 | 16:30 |
| 16:40 | 16:45 | 16:50 | 17:00 |
| 17:10 | 17:15 | 17:20 | 17:30 |
| 17:40 | 17:45 | 17:50 | 18:00 |
| 18:10 | 18:15 | 18:20 | 18:30 |
| 18:40 | 18:45 | 18:50 | 19:00 |
| 19:10 | 19:15 | 19:20 | 19:30 |
| 19:40 | 19:45 | 19:50 | 20:00 |
| 20:10 | 20:15 | 20:20 | 20:30 |
| 20:40 | 20:45 | 20:50 | 21:00 |
| 21:10 | 21:15 | 21:20 | 21:30 |
| 21:40 | 21:45 | 21:50 | 22:00 |

**Режим на одржување:**
- Линијата се одржува секој ден

***Линија бр. 8А: Јавор-Лавци-Јавор***

| Стојалиште | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| **Јавор** | 06:30 | 12:10 | 13:30 | 19:30 |
| **Ат-пазар** | 06:35 | 12:15 | 13:35 | 19:35 |
| **Ракометно** | 06:40 | 12:20 | 13:40 | 19:40 |
| **Лавци** | 06:50 | 12:30 | 13:50 | 19:50 |
| **Болница** | 07:00 | 12:40 | 14:00 | - |
| **Јавор** | 07:05 | 12:45 | 14:05 | - |

**Режим на одржување:**

1,2,3,4-секојдневно од Понеделник до Петок во периодот од 01.09. до 31.12. и од 20.01 до 10.06

1,2,3,4-само во Вторник и Петок во периодот од 01.01 до 19.01 и од 11.06 до 31.08

Во Сабота, Недела и денови на државни празници линијата не се одржува

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-93/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за заедничко организирање на јавен линиски превоз на патници на подрачјето на Општината Битола и Општините Могила и Новаци

1. Ја објавувам Одлуката за дополнување на Одлуката за заедничко организирање на јавен линиски превоз на патници на подрачјето на Општината Битола и Општините Могила и Новаци, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/5
12.07.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
### за дополнување на Одлуката за заедничко организирање на јавен линиски превоз на патници на подрачјето на Општината Битола и Општините Могила и Новаци

**Член 1**

Во Одлуката за заедничко организирање на јавен линиски превоз на патници на подрачјето на Општината Битола и Општините Могила и Новаци („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 12/2008 и 16/2008), во членот 4 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, без спроведување на постапка, линиите можат да бидат доделени на заедничкото јавно претпријатие за превоз на патници основано од Општина Битола и Општините Могила и Новаци.“

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи анекс на Спогодбата бр. 08-903/1 од 20.11.2018 година за заедничко организирање на линискиот превоз на патници со Општините Могила и Новаци, согласно оваа одлука и да ги издаде потребните дозволи и заверените возни редови од наведената спогодба на заедничкото јавно претпријатие за превоз на патници основано од Општина Битола и Општините Могила и Новаци.

**Член 3**

Оваа одлука ќе се применува по донесувањето на соодветните одлуки за дополнување на Одлуките за заедничко организирање на линискиот превоз на патници на подрачјето на Општините Могила и Новаци, од страна на Советите на Општините Могила и Новаци, односно по потпишувањето на анексот на Спогодбата од членот 2 на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-93/7
09.07.2021 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за пренесување на право на сопственост на движни ствари - минибуси

1. Ја објавувам Одлуката за дополнување на Одлуката за пренесување на право на сопственост на движни ствари - минибуси , донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-608/6 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 12.07.2021 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | м-р Наташа Петровска |

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002) и член 22 точка 36 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ број 10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на седницата одржана 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за пренесување на право на сопственост на движни ствари - минибуси

### Член 1

Со оваа одлука на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола му се пренесува правото на сопственост на следните движни ствари – минибуси:

1. IVECO/FENIKSBUS FBI 60 P-G со број на шасија ZCFCN50A105386847, година на производство 2021, зафатнина на мотор 2998 $cm^3$ и јачина на мотор 100 KW;

2. IVECO/FENIKSBUS FBI 72 P-G со број на шасија ZCFCN65A705384938, година на производство 2021, зафатнина на мотор 2998 $cm^3$ и јачина на мотор 100 KW и

3. CITROEN JUMPER BUS со број на шасија VF7YD2MFC12S10154, година на производство 2021, зафатнина на мотор 1997 $cm^3$ и јачина на мотор 96 KW.

### Член 2

Со оваа одлука на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола му се пренесува правото на сопственост и на следните идни движни ствари - минибуси по Договорот за јавна набавка скучен помеѓу Општина Битола под бр. 08-134/1 од 10.02.2021 година и ДТП КАРГОМАКС ДООЕЛ Миладиновци Илинден под бр. 0507-51 од 18.02.2021 година:

1. IVECO/FENIKSBUS FBI 60 P-G со број на шасија ZCFCN50A105386847, година на производство 2021, зафатнина на мотор 2998 $cm^3$ и јачина на мотор 100 KW и

2. IVECO/FENIKSBUS FBI 72 P-G со број на шасија ZCFCN65A705384938, година на производство 2021, зафатнина на мотор 2998 $cm^3$ и јачина на мотор 100 KW.

### Член 3

Движните ствари - минибусите од членовите 1 и 2 на оваа одлука се пренесуваат во сопственост на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола, без надомест, но со услов Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола да не смее да врши отуѓување или оптоварување на истите во корист на трети лица без согласност на Советот на Општина Битола.

Доколку Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола изврши отуѓување или оптоварување на движните ствари - минибусите од членовите 1 и 2 на оваа одлука спротивно на ставот од овој член, истото ќе биде должно да и ја надомести на Општина Битола вредноста на тие движни ствари - минибуси, пресметана на денот на пренесувањето на сопственоста.

### Член 4

Движните ствари - минибусите од членовите 1 и 2 на оваа одлука не може да бидат

дел од стечајна маса на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола.

Во случај на стечај и ликвидација или престанок по друг основ на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола, движните ствари - минибусите од членовите 1 и 2 на оваа одлука остануваат односно се враќаат во сопственост на Општина Битола.

**Член 5**

Преносот на сопственоста на движните ствари - минибусите од членот 1 на оваа одлука ќе се изврши по изборот на директор и запишувањето на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 6**

Преносот на сопственоста на движните ствари - минибусите од членот 2 на оваа одлука ќе се изврши веднаш по нивната испорака до Општина Битола.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-93/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за престанок на трајно користење и пренесување на право на сопственост на движна ствар - автобус

1. Ја објавувам Одлуката за престанок на трајно користење и пренесување на право на сопственост на движна ствар - автобус, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-608/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.07.2021 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002) и член 22 точка 36 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ број 10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на седницата одржана 06.07.2021 година, со продолжение на ден 09.07.2021 година, донесе

## ОДЛУКА
## за престанок на трајно користење и пренесување на право на сопственост на движна ствар - автобус

**Член 1**

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола ЈППЈЛП му престанува правото на трајно користење односно сопственост на движната ствар - автобус со регистарски таблички ВТ 0909 АВ, марка YUTONG, идентификационен број на возилото LZYTDTD68B1027952 и број на шасија 30J62YAB00748, дадено со Одлука бр. 09-130/71 од 30.09.2019 година на Советот на Општина Битола, објавена во

„Службен гласник на Општина Битола“ број 17/19.

**Член 2**

Движната ствар - автобусот од членот 1 оваа одлука се пренесува во сопственост на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола, без надомест, но со услов Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола да не смее да врши отуѓување или оптоварување на истото во корист на трети лица без согласност на Советот на Општина Битола.

Доколку Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола изврши отуѓување или оптоварување на движната ствар - автобусот од членот 1 на оваа одлука спротивно на ставот 1 од овој член, истото ќе биде должно да и ја надомести на Општина Битола вредноста на таа движна ствар, пресметана на денот на пренесувањето на правото на сопственост.

**Член 3**

Движната ствар - автобусот од членот 1 на оваа одлука не може да биде дел од стечајна маса на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола.

Во случај на стечај или ликвидација или престанок по друг основ на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола, движната ствар - автобусот од членот 1 на оваа одлука останува односно се враќа сопственост на Општина Битола.

**Член 4**

Преносот на сопственоста на движната ствар - автобусот од членот 1 на оваа одлука ќе се изврши по изборот на директор и запишувањето на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-93/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
